РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ / MINISTRIA E FINANCAVE
БИРО ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ / BYROJA E PROKURIMIT PUBLIK
Бр.Nr. 04-50/23
26.01.2026 год.
СКОПЈЕ / SHKUP

Архивски број: 04-50/23
Датум: 26.01.2026 год.

Врз основа на Член 49 став 2 и член 52 став 3 и став 4 од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и "Службен весник на РСМ" бр. 96/19, 110/19 и 121/24) и Член 23 став (4) од Законот за работни односи („Службен весник на РМ" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25, 74/25 и 124/25), Директорот на Бирото за јавни набавки донесе

# ОДЛУКА

## за избор на еден (1) извршител кандидат за вработување на определено време

1. За работното место број 2: **Самостоен референт за персонална евиденција во Одделение за управување со човечки ресурси** во Бирото за јавни набавки - Министерството за финансии се избира кандидатот **НАТАША АЛЕКСОВСКА.**

2. Именуваниот/ата ќе биде вработен на работното место од точка 1 од оваа одлука по конечноста на одлуката, за што ќе се склучи договор за вработување на определено време.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

На ден 14.01.2026 година во дневните весници Нова Македонија и Коха и на веб-страната на Бирото за јавни набавки беше објавен јавен оглас број 01/2026 за вработување на 2 (два) извршители на определено времево Бирото за јавни набавки.

Јавниот оглас го спроведе Комисија за селекција за вработување на определено време по јавен оглас формирана со Решение број 04-50/4 од 15.01.2026 година донесено од директорот на Бирото за јавни набавки.

По спроведената постапка за селекција на кандидати која се состои од административна селекција и интервју, Комисијата за селекција за вработување на определено време по јавен оглас изготви Записник од извршена административна селекција по јавен оглас број 01/2026 за вработување на определено време број 04-50/19 од 23.01.2026 година, Записник од работата на Комисијата за вработување на определено време по Јавен оглас број 01/2026 заради спроведување на интервју број 04-50/20 од 26.01.2026 година и Ранг-листа на кандидати број 04-50/21 од 26.01.2026 година и истата ја достави до директорот на Бирото за јавни набавки.

Директорот на Бирото за јавни набавки за горенаведеното работно место изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

д-р Маре Ѓогева-Мицовска
Директор

ДОСТАВЕНО ДО:
- именуваниот/ата
- Одделение за управување со човечки ресурси
- Агенција за вработување на РСМ